Уп. бр. 08-98

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Вит Корн Холдинг Б.В. со регистрирано седиште на Пиетер Бастстраат 6Х, 1071 ТВ Амстердам, Холандија преку адвокат Филип Зафировски од Скопје, на седницата одржана на ден 08.07.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Вит Корн Холдинг Б.В со регистрирано седиште на Пиетер Бастстраат 6Х, 1071 ТВ Амстердам, Холандија ќе стекне самостојна контрола над друштвото Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. со регистрирано седиште на Масарикова 7, Црвенка, Кула, Србија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.06.2026 година, а дополнета на 15.06.2026 и на 16.06.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Вит Корн Холдинг Б.В со регистрирано седиште на Пиетер Бастстраат 6Х, 1071 ТВ Амстердам, Холандија со која Вит Корн Холдинг Б.В ќе стекне самостојна контрола над друштвото Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. со регистрирано седиште на Масарикова 7, Црвенка, Кула, Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Вит Корн Б.В. е дел од друштвата во МК групата и е холдинг друштво кое е дел од дивизијата на МК групата активна во земјоделскиот сектор. Работењето на друштвата во рамките на МК групата е организирано во неколку деловни дивизии и поддивизии, меѓу другите: земјоделска дивизија која се состои од четири поддивизии, дивизија активна во областа на хотелиерство и управување со недвижности во Хрватска, Србија, Црна Гора и Словенија која се состои од три поддивизии, енергетска дивизија, дивизија активна во областа на производство на електрична енергија од обновливи извори (ветер и сонце).
МК групата е присутна во Република Северна Македонија преку своето зависно друштво МК Сунтастик ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на булевар „Партизански Одреди" број 155/1, ЕМБС 7838034. Што се однесува до приходите генерирани од МК групата во Република Северна Македонија, тие се генерирани преку прекугранична продажба на месни производи, замрзнат зеленчук и шеќер преку друштва со седиште во Србија – ПИК Бечеј, Суноко/Кристал Суноко и Карнекс.

Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. е српски производител и снабдувач на шеќер и се состои од фабрика за производство на шеќер која се наоѓа во Црвенка. Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. се занимава со преработка на шеќерна репка во шеќер и трговија на големо со шеќер/производи од шеќер, неговото портфолио на производи од шеќер вклучува бел шеќер (кристален, прав, коцка) во различни форми на пакување (од индустриско пакување за стотици килограми до малопродажно пакување за стотици грама), кој е наменет за индустриска потрошувачка и потрошувачка од крајните потрошувачи. Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. се занимава и со трговија на големо со нуспроизводи добиени од рафинирање на шеќерна репка, т.е. меласа и пулпа од шеќерна репка.
Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. нема зависни друштва, претставништва или подружници основани во Република Северна Македонија. Во 2025 година, тоа генерирало многу ограничени приходи од прекугранична продажба на шеќерна репка.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**